АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
ОСИГУРУВАЊЕ ЕУРОЛИНК Скопје
**- Управен одбор -**
Број: 0202 – 86/2
05.01.2022

Врз основа на член 31 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување ЕУРОЛИНК Скопје, Управниот одбор на Друштвото на својата 121-ва редовна седница одржана на ден 05.01.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за измени и дополнувања на Посебните услови за семејно приватно здравствено осигурување**

(1) Се вршат измени и дополнувања на Посебните услови за семејно приватно здравствено осигурување, и тоа:

**1. Во членот 4, став (4),** зборовите „1-ви или на 15-ти во месецот" се заменуваат со зборот „денот" и по зборот „наведен" се додаваат зборовите „како почеток на осигурувањето";

**2. Во членот 11, став (1),** трета алинеја, по зборит „амбулантно" се додава „и домашно";

**3. Во членот 15,** се додава втор став, кој гласи: „(2) Во осигурителното покритие „комфор" може да се вклучи и осигурување за случај на амбулантно и домашно лекување, само со доплаток на премија.";

**4. Во членот 22:**

4.1. Се додава нов втор став кој гласи: „(2) Под превентивни лекарски прегледи и медицински индицираните амбулантни прегледи од првиот став на овој член се подразбираат и прегледите кои се преземени кај осигуреникот дома или на работното место."

4.2. Броевите на ставовите (2), (3), (4) и (5) се заменуваат со (3), (4), (5) и (6);

**5. Во членот 23,** во последната алинеја, по зборот „амбулантно" се додава „ и домашно";

**6. Во членот 25:**

6.1. Во насловот на членот по зборот „амбулантно" се додава „и домашно";

6.2. Во првиот став, на две места, на почетокот и на крајот на реченицата, по зборот „амбулантно“ се додава „и домашно“;

6.3. Се додава нов втор став кој гласи: „(2) Со осигурувањето во случај на амбулантно и домашно лекување опфатени се и трошоците за лекување кое е преземено во домот на осигуреникот или на работното место, најмногу до износот на договорениот лимит за домашно лекување, во рамки на осигурената сума за амбулатно лекување.“;

6.4. Броевите на ставовите (2), (3), (4) и (5) се заменуваат со (3), (4), (5) и (6).;

6.5. Во вториот став, по зборот „амбулантно“ се додава „и домашно“;

6.6. Во третиот став, на крајот на реченицата точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите „или како домашно лекување.“;

6.7. Во четвртиот став се бришат зборовите „со 50% од осигурените трошоци“, на крајот на реченицата точката се брише и се додаваат зборовите „во износ определен со полисата.“;

6.8. Во петтиот став, по зборот „амбулантно“ се додава „и домашно“;

**7. Во членот 26**:

7.1. Во насловот на членот по зборот „амбулантно“ се додава „и домашно“;

7.2. Во одредбата, по зборот „заболување“ се додава „и трошоците за лекување на малигното заболување во домашни услови“, а по зборот „амбулатно“ што се наоѓа при крајот на реченицата се додава „и домашно“;

**8. Во членот 35**, став (2), точка 4, по зборот „лекување“ во заграда се додаваат зборовите „ (освен во рамки на ризикот амбулантно и домашно лекување)“.

(2) Се задолжува Секторот за правни работи и усогласување со закони да изготви пречистен текст на Посебните услови за семејно приватно здравствено осигурување.

(3) Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и се применува од 10.01.2022 година.

**УПРАВЕН ОДБОР**

Претседател

*М-р Марија Томеска*

Акционерско друштво ... eurolink 1 Скопје